Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

**До: ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

**Архивски број: 09- 1601/5**
**Датум: 07.06.2021 година**

**Drejtuar: Komunës së Probishtipit**

**Numri i arkivit: 09- 1601/**
**Data: ___.06.2021**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: 09.06.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 04 | 603/4 | | |

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација дава:

Në bazë të nenit 17 paragrafi (7) të Ligjit për të punësuarit në sektorin publik („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut", numër 143/19 dhe 14/20), Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës jep:

**СОГЛАСНОСТ**
На

1. Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во **Општина Пробиштип,** со архивски број 04-603/1 од 28.05.2021 година.

**PËLQIM**
të

1. Rregullores për ndryshimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në administratën komunale të **Komunës së Probishtipit,** me numër të arkivit 04-603/1, të datës 28.05.2021.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Општина Пробиштип,** поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во **Општина Пробиштип.**

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилникот

**ARSYETIM**

**Komuna e Probishtipit,** pranë Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës, parashtroi kërkesë mbi marrjen e pëlqimit të Rregullores për ndryshimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në administratën komunale të **Komunës së Probishtipit.**

Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës, e shqyrtoi aktin e dorëzuar dhe konstatoi se i njëjti është në harmonizim me dispozitat e Ligjit të Nëpunësve Administrativ, të Ligjit të të Punësuarve në Sektorin Publik, si dhe të Katalogut të vendeve të punës në sektorin publik.

Sipas përshkrimit të pasqyruar më lart, Ministria e Shoqërisë Informatike dhe


Министерство за информатичко општество и администрација на
Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Пробиштип, со архивски број 04-603/1 од 28.05.2021 година.

**Со почит,**

Administratës, jep pëlqim të Rregullores për ndryshimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në administratën komunale të **Komunës së Probishtipit**, me numër të arkivit 04-603/1, të datës 28.05.2021.

**Me respekt,**

**Министер за информатичко општество и администрација**
**Ministër i Shoqërisë Informatike dhe Administratës**
**Doc. Dr. Jeton Shaqiri**

Подготвил/Përgatiti/Елена Панова/Elena Panova
Преведувач / Përkthyese: м-р Гонџе Кадриу/MSc.Gonxhe Kadriu


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019 и 14/2020), Градоначалникот на Општина Пробиштип, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-603/1
28.05 2021 год.
ПРОБИШТИП

# ПРАВИЛНИК
## За изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Пробиштип

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Пробиштип со архивски број 08-1157/1 од 19.10.2015 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Пробиштип, со архивски број 08-125/1 од 09.02.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Пробиштип, со архивски број 04-123/4 од 20.07.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Пробиштип, со архивски број 08-798/1 од 23.08.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Пробиштип , со архивски број 08-798/4 од 20.11.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Пробиштип , со архивски број 04-400/1 од 31.03.2021 година

**Член 2**

Во глава IV .ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП, во Одделение за инспекциски работи, во работното место со реден број 51, назив на работно место – Овластен инспектор за животна средина, делот Вид на образование, се менува и гласи: „Животна средина или хемиска технологија„.

**Член 3**

Во глава IV .ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП, во Одделение за управување со човечки ресурси, во работното место со реден број 62, со шифра УПР0101В04 со назив „ Помлад соработник за администрирање со обуки и персонална евиденција" се менува и гласи „Соработник за управување со човечки ресурси".

| 11.2 Одделение за управување со човечки ресурси | |
|---|---|
| Реден број | 62 |
| Шифра | УПР0101В03000 |
| Ниво | В3 |
| Звање | Соработник |
| Назив на работно место | Соработник за управување со човечки ресурси |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководителот на Одделението |
| Вид на образование | Правни науки, Организациски науки и управување (менаџмент) или Јавна управа и администрација |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Спроведување на рутински работи и задачи како поддршка на одредени функции во областа на обезбедување грижа за постојан професионален развој, стручно усовршување и вреднување на |

| | |
|---|---|
| | резултатите и личните карактеристики на административни службеници, во согласност со општите упатства на раководителот на одделението и под надзор |
| Работни задачи и обврски | - помага во процесот на подготовка на функционалната анализа на работните места и учествува во процесот на техничка проверка на нацрт описите на работните места и процесот на подготвување на нацрт актите за внатрешна организација и систематизација на работните места;<br>- ги следи и се грижи за правилна примена на законите и подзаконските акти од областа на човечките ресурси кои се однесуваат на селекцијата, вработувањето и мобилноста во државната служба;<br>- членува во Комисијата за селекција на државен службеник;<br>- учествува во подготовка на сите видови на акти и документи кои се однесуваат на селектирањето и вработувањето на државните службеници преку јавен и интерен оглас, спогодби за преземање на државен службеник и распоредување на државен службеник;<br>- учествува во подготвување одговори на жалби во случај на поднесени жалби во врска со извршен избор при постапката за селекција и вработување на државен службеник, и<br>- помага во изработката на аналитички извештаи за прашања поврзани со привлекувањето и задржувањето на високо квалификувани кадри, вработувањето, хоризонталната мобилност и престанокот на вработувањето на државните службеници. |

**Член 4**

Согласно извршените изменувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат изменувања и на табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на општина Пробиштип, како составен дел на Правилникот.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена писмена согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

**Изготвил: Бобан Стојмировски**

***ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***Градоначалник***
***Драган Анастасов***